Врз основа на член 173 став (3) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18), Министерот за труд и социјална политика донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 11-1490/4
20 год.
СКОПЈЕ

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ПРИРАЧНИКОТ „АЈДЕ ДА СИ ИГРАМЕ”

Се одобрува употреба на прирачникот „АЈДЕ ДА СИ ИГРАМЕ”, од авторите Проф. д-р Билјана Камчевска, Проф. д-р Весна Макашевска и д-р Симона Палчевска, во издание на издавачката куќа Просветно дело – Скопје, во установите за деца – детски градинки

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на барањето од страна на издавачката куќа Просветно дело - Скопје, за добивање Решение за користење и употреба на прирачникот „АЈДЕ ДА СИ ИГРАМЕ”, од авторите Проф. д-р Билјана Камчевска, Проф. д-р Весна Макашевска и д-р Симона Палчевска, согласно Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18), Министерството за труд и социјална политика побара од Педагошката служба стручно мислење за истиот.
Според доставеното стручно мислење бр.22-348/1 од 11.04.2018 година, прирачникот може да се користи во детските градинки.

Врз основа на претходно даденото мислење на Педагошката служба, а во врска со член 173 став (3) од Законот за заштита на деца (“Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18 ), се донесе Решение како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена по приемот на истото, преку Министерството за труд и социјална политика до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен.

МИНИСТЕР,
Мила Царовска

Изготвил: Д. Николова
Одобрил: В. Ристовска
Согласен: Ј. Николовска